# Отворен е повик за пријавување за членство во новиот Советодавен одбор на постарите Викторијци (Senior Victorians Advisory Committee)

| | |
|---|---|
| **Назив на позиција:** | Член / претседател на Одборот |
| **Број на позиција:** | DFFH/1792737 |
| **Опис на позиција:** | На располагање се една позиција за претседател и до 12 позиции за членови на Одборот |
| **Вид на вработување:** | Хонорарно |
| **Плата:** | Плаќањето е според *Упатствата на владата на Викторија за назначување и плаќање* за организација од група Ц, сектор 2(б) |
| **Вообичаена локација за работа:** | За секој состанок на Одборот, на располагање се опции за присуство од далечина/преку телефонска линија или лично присуство (Мелбурн со околината) |
| **Мандат:** | Фиксен период, до 3 години |
| **Контактно лице за позицијата:** | Grace Cooper, seniorsprojects@dffh.vic.gov.au |

Министерката за стареење, пратеничката Ingrid Stitt, создава нов советодавен одбор за директно да слушне од постарите луѓе за нивните искуства.

Фокусот на Советодавниот одбор на постарите Викторијци ќе биде на:

- обезбедување глас на заедницата до владата преку истакнување на доживеаните искуства на постарите луѓе
- подигање на свеста за позитивните придонеси на постарите луѓе
- промовирање на правата и почитувањето на постарите луѓе.

**Клучни критериуми за избор**
Членовите мора да живеат во Викторија. Членовите ќе бидат избрани врз основа на нивното индивидуално искуство, а не како претставници на некоја организација.

**Лични особини:**

1) Чесност
2) Емпатија и разбирање
3) Способност за работа со други

**Клучни критериуми за членовите:**

1) Способност да се размислува и дејствува за важни прашања за да се постигнат позитивни резултати за постарите луѓе
2) Добри комуникациски вештини и способност за давање совети
3) Искуство со работа со други во одбори и/или групи.

**Клучни критериуми за претседател:**

1) Лидерско искуство
2) Способност за постигнување договор со други

Луѓето на возраст од 60 години и постари, и луѓето од Првите народи на возраст од 50 години и постари, можат да аплицираат за членство во Одборот.

За повеќе информации и за аплицирање, посетете ја веб/страницата:
www.seniorsonline.vic.gov.au/advisory-committee.